ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-3/17**

**Дата: 04.02.2010**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА - БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија - Бирото за метрологија - сметка на основен буџет - 631, за 2008 година, кои се прикажани на страните 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Соња Мираковска, директор, од 03.10.2006 година до 08.07.2008 година.
   - Пеце Ристевски, директор од 18.07.2008 година до 02.12.2008
   - Димитар Парнаџиев, директор од 22.12.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 16.11.2009 до 11.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 21.01.2010 година под архивски број 09 3/10 примени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е одлучено следново:

    - Забелешките по точките 10.1.1 и 10.2.1 не се прифаќаат бидејќи истите претставуваат коментар на утврдените состојби и активностите кои ќе се превземат за отстранување на утврдените недостатоци.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1 **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Ревизијата констатира дека во Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице, донесена од Владата на РМ, не е дефиниран бројот на работни часови за услугите од групата IV од Тарифата составен дел на оваа одлука: (калибрација на еталони, одобрување на типот мерило, калибрација на мерила, верификација на мерила што не се опфатени со тарифникот, утврдување на условите во постапка при овластување на правните лица, сертификација на уреди и опрема за упис во регистар со решение за одбивање). Во 2008 година, пресметката на надоместоците за овие услуги Бирото за метрологија ја врши според работни часови кои ги има определено со интерно упатство. Утврдувањето на висината и начинот на наплата на надоместоците за овој вид услуги, без истите да бидат пропишани од Владата е спротивно на Законот за метрологија и создава ризик од необјективно определување на работните часови потребни да се изврши соодветна услуга а со тоа и нереално утврдување на висината на надоместоците.
Заради надминување на горе спомената та состојба, на крајот на 2009 година, Бирото за метрологија има подготвено работна верзија за изменување и дополнување на Одлуката но истата до денот на ревизијата не е влезена во процедура за нејзино донесување.

**Препорака**

1. Имајќи ја во предвид важноста од измени и дополнувања на Одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице, надлежните лица во министерството да преземат активности во насока на забрзување за нејзино донесување.

11.2 **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.2.1. За надомест на членовите на комисијата формирана како Административно тело за хомологација согласно Правилникот за пуштање на пазар и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив, во 2008 година, исплатени се средства во износ од 1.432 илјади денари (за внатрешните членови 939 илјади денари а за надворешните 493 илјади денари). И покрај тоа што со гореспоменатиот Правилник не е утврден надомест за нивната работа, вршени се исплати, до месец октомври 2008 година по решенија од министерот, а потоа според Правилник за начинот на пресметување на надоместок за претседателот и членовите. Исплатата на внатрешните членови кои се државни службеници за работни задачи кои ги извршуваат во работното време и без евиденција за прекувремени часови не е во согласност со Законот за извршување на буџетот на РМ и Законот за државните службеници, што има за ефект ненаменски и незаконски потрошени средства во износ од 939 илјади денари.

**Препорака**

1. Министерот да преземе мерки, исплатата на надоместоците и членување во комисиите на државните службеници да се врши во согласност со постоечките законските прописи кои ја регулираат оваа област.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, финансиската состојба на Министерството за економија - Бирото за метрологија - сметка на основен буџет - 631, под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за наодот изнесен во точката 11.2.1 кај Министерството за економија - Бирото за економија - сметка на основен буџет - 631, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 01.02. 2010 година **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 59,775 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **59,775** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 10,256 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **10,256** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2,778 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,778** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **13,034** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **46,741** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **46,741** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 46,741 | 0 |
| Побарувања | 29,424 | |
| Активни временски разграничувања | 1,738 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **77,903** | **0** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 372 | 0 |
| Материјални средства | 391 | 0 |
| Материјални средства во подготовка | 1,954 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **2,717** | **0** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **80,620** | **0** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 380 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 77,516 | |
| **Вкупно тековни обврски** | **77,903** | **0** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Деловен фонд | 2,717 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2,717** | **0** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **80,620** | **0** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **-** | **-** | **-** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2,777** | **-** | **2,777** |
| Лиценци | 378 | **-** | |
| Набавки на опрема | 445 | **-** | **445** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 1,954 | **-** | **-** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **60** | **-** | **60** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 60 | - | **60** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **2,717** | **-** | **2,717** |



--------------------------------------